ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО

ТОП ВЕСТИ:

- Конституиран новиот Совет на Општина Делчево
- Се гради нова улица во централното градско подрачје
- Се гради новиот водовод во с. Ѕвегор
- Делчево се прости од Пијанечкиот Цепенков: Димитар Узунски замина во легендите

ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 19 НОЕМВРИ 2021

## Конституиран новиот Совет на Општина Делчево



Дипл.инж.архитект Гоце Попов, избран за претседател на Советот на Општина Делчево

### Се гради нова улица во централното градско подрачје



### Се гради новиот водовод во с. Ѕвегор



### Делчево се прости од Пијанечкиот Цепенков: Димитар Узунски замина во легендите



Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Конституиран новиот Совет на Општина Делчево; Гоце Попов нов претседател на Советот на Општина Делчево



Во мултифункционалниот центар во Општина Делчево се одржа Конститутивната Седница на Советот на Општина Делчево, која ја отвори досегашниот претседател Драган Маневски, по што највозрасниот советник од новиот состав на Советот, Марјанчо Велиновски, продолжи со водењето на Седницата.

По изборот на Комисијата за верификација на мандатите и верификација на мандатите на 15-те советници, советниците дадоа Свечена изјава, а мнозинството советници за претседател на Советот го избра дипл.инж.арх. Гоце Попов.

Новиот престедател на Советот, Попов, се заблагодари на довербата од советниците и истакна дека овој состав на Советот со конструктивна, посветена и искрена работа ќе даде придонес во развојот на Општина Делчево.

-Безрезервно ќе се заложам и ќе овозможам да биде слушнат гласот на секој наш согражанин. Со еден збор, мојата идеја и визија е Советот на Општина Делчево да стане храм на демократијата, каде секој советник и граѓанин ќе ги остварува своите демократски права. Овде сме избрани во име на граѓаните да носиме одлуки, планови, програми и решенија, да даваме насоки. Да бидеме конструктивни, да бидеме креативни, да бидеме обединити бранејќи ги интересите на граѓаните, порача Попов.

Тој додаде дека како претседател на Советот на Општина Делчево се откажува од финансискиот надомест во интерес на нашите сограѓани кои имаат најголема потреба од финансиска помош.

-Финансиските средства во висина од 12 претседателски паушали ќе бидат донирани во целост на деца и семејства кои се социјално загрозени, на самохрани родители кои имаат нужна потреба од помош, на ученици и студенти кои покажуваат врвни резултати и успеси во учењето, а сè со цел да ги мотивирам и да им потврдам дека одат по вистинскиот пат. Да им дадам до знаење дека секој нивни индивидуален успех е нотиран и претставува наш колективен успех и дека со нетрпение ги чекаме да го завршат студирањето и како изградени професионалци во своите професии ни се приклучат и помогнат во борбата за афирмирање и создавање модерна и современа Општина. Тоа е патот кој сум го поминал и јас лично, како и многу други наши видни сограѓани, и знаеме дека не е лесно, но верувајте ми, еден ден ќе вреди! За крај ќе кажам дека тоа е патот кој денеска и мене ме донесе овде, како претседател на Совет на нашата Општина, порача Попов.

Совет на Општина Делчево

# Совет на Општина Делчево





Градоначалникот Трајковски кој присуствуваше на Конститутивната седница им го честиташе мандатот на новите советници и им порача дека работата на Советот е од исклучително значење за развојот и напредокот на една општина и одговор на барањата и потребите на граѓаните.

-Најпрво, дозволете да ви го честитам изборот и мандатот за членови на Советот на Општина Делчево. Ви посакувам успешна работа, конструктивни дискусии, почитување на Уставот и законите и општинските акти. Вашата посветена работа и конструктивната соработка значи дека продолжува развојот на Делчево, дека ќе одговараме на приоритетите и на потребите од граѓаните, дека ќе бидете нивниот глас и ќе соработуваме со една единствена цел да го развиваме нашиот роден град и да создаваме подобри услови за живот на граѓаните, рече Трајковски.

Општинскиот совет го предводи СДСМ и Коалицијата со освоени 8 советнички мандати, додека ВМРО – ДПМНЕ и Коалицијата имаат 6 советници и еден советник Партијата Левица.

Составот на Советот на Општина Делчево со мандат од 2021 до 2025 е следен:

Гоце Попов
Сашко Ивановски
Јасмина Ќурчиска
Оливера Ташевска
Марио Скакарски
Кристи Стојковски
Сунчица Ѓорѓиева
Иван Гоцевски
Кирил Тренчевски
Бојана Гоцевска
Марјанчо Велиновски
Сања Николовска
Зекир Абдулов
Стефанија Атанасова Јовановски
Дејан Георгиевски

# Одржана Првата седница на Советот на Општина Делчево

Совет на Општина Делчево



Новиот состав на Советот на Општина Делчево ја одржа Првата редовна седница на која се разгледаа и се донесоа одлуки и заклучоци по 24 точки од Дневниот ред.

Советниците го изгласаа вториот Ребаланс на Буџетот на Општина Делчево за 2021г. Со Одлуката за изменување и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2021 година, извршено е незначително намалување на Буџетот од околу 5% и вкупниот Буџет ќе изнесува 315.220.482 денари. Намалувањето на вкупниот Буџет на Општината со измените и дополнувањата е за 16.314.850 ден. и тоа: намалување на Основниот буџет за 9.286.600 ден.,намалување на приходот на самофинансирачки активности за 2.662.250 ден и намалување на Буџетот на кредити за 4.466.000 денари. Во Буџетот на дотации и Буџетот на донации, износите не се менуваат, но има измени во поодделни расходни ставки, односно има прераспределба на одредени планирани расходи. На Првата седница на Советот, советниците ја усвоија Програмата за развој на Општина Делчево за 2022 година, изградба на Градски пазар во Делчево (отворен и затворен дел). Одобрениот план на програмите за развој ќе биде составен дел на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година. Советниците ја усвоија Одлуката со која се дава согласност на Одлуката за утврдување тарифа за снабдување со вода за пиење и на Одлуката за утврдување тарифа за собирање и одведување урбани отпадни води на ЈКП „Брегалница“ за регулиран период 2022-2024 година донесени од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги согласно со кои цената на водата за 2022 година во однос на 2021 година се намалува за 0,03 денари додека цената на канализацијата за 2022 година во однос на 2021 година се намалува за 1,8 денари.

Советниците го усвоија 9-месечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“ за периодот од 01.01.21 до 30.09.21 година според кој претпријатието остварило позитивен финансиски резултат од 766.998 денари. Односно, вкупно расходите се во износ од 35.125.045 ден., а остварените приходи се во износ од 35.892.043 ден.

На оваа Седница на Советот беа формирани и 7 комисии: Комисија за статут и прописи, Комисија за финансирање, буџет и ЛЕР, Комисија за урбанизам, планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина; Комисија за комунални работи и сообраќај; Комисија за јавни дејности; Комисија за еднакви можности, Комисија за спорт.

Советниците ја донесоа и Одлуката за отпочнување со работа на објектот 3 во состав на ОЈУДГ „Весели цветови“ во с. Разловци и годишниот план за вработување на оваа установа за 2022 г

Усвоени се и одлуките за доделување 28 општински стипендии во 4 категории, односно 18 ученички стипендии во 2 категории за ученици кои учат во СОУ „М.М.Брицо“и 10 студентски стипенидии во две категории за студенти од Делчево кои студираат на државните универзитети во РСМ. Советниците донесоа и Одлука за финансиска поддршка на Здружението на старосни, инвалидски и други пензионери на Општина Делчево согласно која на Здружението му се одобруваат финансиски средства од 625 евра во денарска противвредност кои ќе бидат исплатени од Буџетот на Општината за 2021година. Средствата се доделуваат врз основа на Барање и за потребите на Здружението за реновирање на службените простории, односно за промена на влезната врата. Советниците на Првата седница донесоа и: Решение за именување на претставници на основачот во Училишниот одбор на СОУ „М.М.Брицо“; Решение за разрешување и именување членови на Надзорниот и Управниот одбор во ЈКП „Брегалница“; Решение за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на Локален историски, археолошки, етнолошки и природнонаучен МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ –Делчево.

Актуелности

# Се гради нова улица во Централното градско подрачје во Делчево



Започнаа градежните работи за изградба на нова улица во централното градско подрачје во Делчево. Станува збор за изградба на улицата „3“ која ќе го поврзува новиот градски пазар, односно ул „Индустриска“, со пешачкиот мост на река Брегалница. За градоначалникот Трајковски изградбата на новата улица ќе даде квалитетно сообраќајно поврзување и ќе отвори нови перспективи за развој на овој дел од градот кој е во централното градско подрачје, но со децении стои неуреден и запоставен.

-Улицата „3“ е проектирана за изградба во должина од 370 метри, со ширина на коловозот од 6 м и изградба на тротоар од едната страна со ширина од 2 метри. Улицата ќе биде изградена со два асфалтни слоја. Во моментов се вршат земјени работи, а ќе се постави и потребната подземна инсталација. Градежните работи за изградба на улицата ги изведува фирмата „БАУЕР-БГ“, истакна Трајковски. Вредноста на проектот изнесува 7.493.900 ден. Поголем дел од средствата, односно 5.266.748 денари се обезбедени како под-заем преку проектната единица на Министерство за финансии и проектот за подобрување на општинските услуги МСИП 2 финансиран преку Светска Банка. Останатите средства се обезбедени по пат на кофинансирање од Буџетот на Општина Делчево.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Се градат попречени прагови во коритото на река Брегалница

Актуелности





Интензивно се работи на првиот дел од проектот за регулација на речното корито на река Брегалница кој предвидува изградба на попречни прагови од габиони во коритото на реката Брегалница.
Увид во работите на терен изврши градоначалникот Горан Трајковски кој е задоволен од интензитетот и квалитетот на работите и потенцираше дека реализацијата на проектите се одвива со планираното темпо.
- Работите се изведуваат во речното корито во должина од околу 300 м., а станува збор за реализација на дел од основниот проект за регулација на речното корито на река Брегалница, низводно од регулираното корито, односно се изведуваат три попречни прагови од габиони. Со оваа интервенција, ќе бидат стабилизирани дното на минор и мајер коритото што ќе придонесе реката да не врши дополнително поткопување при евентуални поплавни води.  Со стабилизација на коритото на тој дел од регулацијата дополнително ќе биде заштитен и новиот пешачки мост, рече Трајковски.
Вредноста на работите 1.073.800 ден со пресметан ДДВ, а  средствата за реализација се обезбедени од Министерството за животна средина и просторно планирање преку Програма за управување со водите за 2021 година , во износ од 800.000,00 денари, додека останатиот дел од паричните средства се обезбедени од Буџетот на Општина Делчево за 2021 година.
Работите ги изведува тетовската фирма „Панел-М Мехаз“.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Се гради новиот водвод во с. Ѕвегор



Интензивно се работи на изградба на новиот водовод во с. Ѕвегор, како дел од втората фаза од реализацијата на големиот проект за Водоснабдување на Делчево. Увид во текот на работите изврши градоначалникот на Делчево, Горан Трајковски, кој истакна дека со овој проект во с. Ѕвегор комплетно се заменува постоечката водоводна мрежа со нова.

-Конкретно во селото Ѕвегор-старата водоводна мрежа градена пред половина век од самите жители и која не одговараше на стандардите и не ги задоволуваше потребите на жителите, посебно во летниот период, добива нов водоводен систем. Ако првичната мрежа е изведена од азбести цементни цевки сега мрежата се гради со полиетиленски цевки. Овој проект има една основна цел, а тоа е да се подобри водоснабдувањето во селото, преку комплетна реконструкција на мрежата со која ќе се исполнат сите технички прописи, ќе се овозможи лесно одржување и квалитетна услуга на корисниците, истакна Трајковски.

Работите ги изведува фирмата „Бауер БГ" , а по завршување на работите во Ѕвегор ќе започне изградба на новиот водоводен систем во с. Габрово.

Втората фаза од проектот „Водоснабдување на Делчево", е финансиран од Министерството за животна средина во висина од 1, 3 милиони швајцарски франци. Вкупниот проект „Водоснабдување на Делчево" е во износ од 7, 3 милиони швајц.франци од кои 6 милиони се донација од Швајцарската конфедерација, а 30.000 швајцарски франци контрибуција на Општина Делчево.

# Заврши доизградбата на дел од велосипедската патека Делчево-Илин Камен

Актуелности



Заврши доизградбата на дел од велосипедската патека Делчево-Илин Камен во рамките на која се изгради улица во с. Ѕвегор, како дел од патеката која е долга 720 метри.
Средствата за реализација на овој проект се обезбедени од Министерство за локална самоуправа преку Бирото за регионален развој, а во рамките на Програмата за рамномерен регионален развој, проект за развој на подрачјата со специфични развојни потреби. Висината на инвестицијата е 4,999,893.25 со вклучен ДДВ. Од Бирото за рамномерен регионален развој се обезбедени 3.500 000 денари. Градежните работи ги изведуваше фирмата СД Транс.

Реализацијата на овој проект е во насока на промоција на природниот раритет Илин Камен кој е во непосредна близина на Ѕвегор, зголемување на потенцијалите и содржините на туризмот во Делчево, како и промоција на велосипедизмот и рекреативното пешачење.

Со оваа инвестиција се реализира и вториот дел од велосипедската патека која поминува низ с. Звегор и за имплементација за целосно финализирање на патеката ќе остане уште да се поврзе селото Звегор со локалитетот Илин Камен, фаза која предвидува уредување на шумскиот пат со потпорни ѕидови на местата, каде патот е уништен со ерозија на земјиштето.





Актуелности

# Волонтерите го разубавуваат Делчево



Детските игралишта во населбите Расадник, Милково Брдо, во селските населби Град, Разловци, Трaботивиште, добија нов лик. Таму заврши акцијата на делчевските млади волонтери поддржана од Општина Делчево со која се санираше оштетената урбана опрема, оштетените огради, се обележуваа игралиштата и се бојадисуваа клупите, летниковците и другата опрема.

Во рамките на акцијата која започна пред една година, волонтерите го разубавуваа целиот град и реагираа секаде каде има поставено урбана опрема, при што со акцијата беше опфатена и санација и бојадисување на канделабрите, оградите на мостовите и сл. Потребните материјали и средства за реализација на акцијата ги обезбеди Општина Делчево.

Градоначалникот Горан Трајковски изрази задоволство од текот на акцијата и од интересот на младите, но и на повозрасни членови од НВО-секторот во градот за својот придонес за поубаво Делчево. Во таа насока, тој најави продолжување на акцијата со која ќе бидат опфатени и други локации во градот и селските средини.

Деновиве се работи на игралиштето во с. Габрово, по што ќе следуваат активности и на игралиштето во ООУ „Ванчо Прке“, како и санација на игралиштето во Таушанско Маало. Оваа акција претставува поттикнување на волонтеризмот во Општината, грижа за општинските добра и значи дека секој поединец носи одговорност за тоа како ни изгледа градот и се грижи за урбаната опрема. Посебно сум горд на младите кои ја прифатија акцијата и одговорно работат делчево да ни биде поубаво и почисто, рече Трајковски.

Во акцијата масовно се вклучија волонтери од Фолклорна група при НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ од Делчево, ПСК „Голак“ Делчево, од ОО на Црвениот крст, како и членови на други здруженија на граѓани од Делчево, а помош добиваат и од екипи на ЈКП „Брегалница“ Делчево.





Актуелности

# Граѓанско учество во креирање на Буџетот за 2021

Во насока на подготовка на општинските програми и Буџетот на Општина Делчево за 2022 година, Општина Делчево го започна процесот на консултации со урбаните и месните заедници со цел определување на приоритетите за решавање за наредната година.

Во таа смисла, се информираат претседателите на урбаните и месните заедници или од нив овластени лица, да одржат состаноци на кои ќе ги определат приоритетите на нивната заедница. Состаноците треба да бидат одржани во согласност со протоколите за заштита од ковид-19.

Изготвените записници со определените приоритети во писмена форма да се достават најдоцна до 30.11.2021г во архивата на Општина Делчево.

Воедно, во тек е и јавна анкета објавена на веб-страницата на Општина Делчево со цел да се дадат насоки и предлози за креирање на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година.

Со пополнување на овој краток формулар на следниот ЛИНК (https://docs.google.com/forms/d/e/1FAIpQLScM7ihef4xP6klUhSWzKMGeJvbd60BaHzs5hR9NT_uDUMeyGQ/viewform) директно учествувате во креирањето на приоритетите и Буџетот на Општина Делчево за 2022 година.

# Во Делчево одржана работилница за јавните простори



Јавните простори во Делчево се добро уредени, со можности за надополнувања и пред сè подигање на свеста кај граѓаните за нивно зачувување. Ова е генералниот заклучок од одржаната работилница на тема посветена на јавните простори и улогата на жителите и општините во нивното планирање, одржување и трансформација. Работилницата е во организација на Здружението КАЖИ КОГА– Центар за инклузивен развој Скопје во партнерство со Регионалниот центар за застапување Делчево, во рамки на проектот „Наш град“ на која учествуваа жители на Општина Делчево, претставници од секторот урбанизам на Општина Делчево, локални институции и НВО – секторот.

Целта на работилницата беше учесниците да се запознаат со основите на концептот “Placemaking”, односно, обликување и трансформирање на јавните простори заради зајакнување на врската помеѓу луѓето и општествениот простор кој го делат со останатите свои соседи, сожители, минувачи.

Дополнително, преку дискусија, размена на лични искуства и мислења, учесниците ги мапираа запуштените простори кои со малку труд можат да бидат разубавени, а ги идентификуваа и клучните проблеми со јавните простори во нивното соседство, маало, општина, а кои ги засегаат лично нив, ги засегаат нивните деца, пензионерите или која било категорија граѓани.

Мислењата, препораките и заклучоците од работилницата треба да послужат како предлог-„мапа“ за поубави населби и маала, истите ќе бидат сумирани и во периодот кој следува ќе се изнајдат можности за нивно реализирање.

Актуелности

# Симулација на пожар во СОУ „М.М.Брицо“



Во СОУ „М.М.Брицо“ се одржа тактичко-показна вежба на ТППЕ Делчево исценирана со симулација на пожар и евакуација на повредени лица од зградата на гимназијата.
По дојавата за пожар во делчевската гимназија, ТППЕ Делчево реагираше со 15 пожарникари со три противпожарни возила, командно и навално возило и со потполна лична опрема при што беше изгаснат пожарот, евакуирани ученици и персоналот, а беа извлечени и две повредени лица од објектот од кои едното со скала на височина. Евакуацијата на учениците и на вработените во училиштето беше завршена за краток временски период. Во акцијата учествуваа и волонтери од ОО на Црвен крст Делчево.

Градоначалникот Горан Трајковски присуствуваше на оваа симулациска вежба и изрази задоволство од подготвеноста на пожарникарите за справување со пожарите и на објекти, но и на отворен простор.

-Овие вежби се редовна практика на ТППЕ Делчево и се изведуваат со цел да се види подготвеноста и физичка и психичка на пожарникарите во услови на појава на пожар во објектите на институциите во градот, но и да се провери исправноста на опремата. Изминатиот период, во континуитет работевме за да ја подобриме опременоста на единицата, но и условите за престој на пожарникарите. Обезбедивме и ново противпожарно возило, како и опрема за лична заштита на пожарникарите, што значи дека на нивната професионалност додаваме битен елемент за нивната лична заштита, истакна Трајковски.

# Нова кабинетска опрема за природни науки во делчевските училишта



Во ООУ „Св.Климент Охридски“ и во ООУ „Ванчо Прке“ во Делчево комплетно се опремени кабинети за изучување природни науки. Станува збор за комплетно нова опрема на кабинети и опремување на лабораторија за потребите на наставата по хемија и билогија, како и останатите предмети од групата природни науки.
Опремата е донација од Министерство за образование и наука, а целта е унапредување на образовниот процес во основното образование, посебно препознавајќи ја важноста на изучувањето на природните науки.

# Денови на хуманост-дарувај со љубов по 4 пат во Делчево

Актуелности



Традиционално, по повод Светскиот ден посветен на лицата со попреченост, 3 Декември, Општина Делчево во партнерство со образовните институции и детската градинка, ЈЛБ „Илинден“, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“, Дневниот центар за лица со посебни потреби од Делчево, „Бравура кооператива“, организираат Денови на хуманост „Дарувај со љубов“.

Целта за оваа активност е да се разбуди филантропијата и општествената одговорност и да се подигне свеста за лицата со хендикеп и нивното место во општеството. Активностите имаат заеднички именител-дека нема свет со различности и дека секој еден е важен.

Деновите на хуманост започнаа од 29.11.21 со филмскиот фестивал за млади Цифони Македонија под наслов „Цифони патува во Делчево“ во која учество зедоа 60-на средношколци и основци распоредени во два дена со инклузија на лица со попреченост- штитеници на Дневниот центар. Целта на настанот е развој на визуелната култура кај младата публика.

Од 1 декември почнува ликовната работилница во организација на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ каде талентирани ученици и лица со попреченост ќе ги учат тајните на сликарството од стручни лица.

На 2 декември лицата со посебни потреби ќе ја посетат градската библиотека ЈЛБ „Илинден“, каде ќе се запознаат со богатсвото од книги и начинот на кој работи оваа институција.

Меѓународниот ден 3 Декември е резервиран за посета на Дневниот центар и промоција на проектот за Клуб за социјална инклузија „Интегра“, но и запознавање со првиот уличен продавач на весникот „Лице в лице“во Источна Македонија. Далибор е лице со хендикеп и тој се вклучува во семејството на пионерското социјално претпријатие- единственото улично списание **„Лице в лице“**, така што за прв пат овој месечник ќе се продава **во Делчево.**

**Овој ден ќе биде главниот мотив за низа креативни активности кои ќе се одржат во образовните институции со единствена порака да се подигне свеста за лицата со попреченост.**

**Со претпремиерата на детската претстава** „Вистина или лага“, под мотото: „ДЕТСКИ ХУМОР ВО НЕВРЕМЕ“ ќе се заокружат настаните во рамките на годинешните Денови на хуманоста. Во организација на НУЦК „ Никола Јонков Вапцаров“ од Делчево, учениците од ООУ„Ванчо Прке “-Делчево под менторство на наставничката Маријана Стоименовска, ја подготвија оваа драмска претстава со единствена цел, да дадат позитивен дух и поттик и да се разбие монотонијата во овие денови на пандемијата. Со лековита доза на хумор и насмевка на децата и лицата со посебни потреби ќе им подариме нов бран на антитела кај сите нив за да поминат неколку минути со музика и сатира , рекоа младите учесници во претставата.

Деновите на хуманост се реализираат 4 години по ред. Со единствена порака: подобро разбирање на полето на хендикеп, со фокус на правата на лицата со посебни потреби и придобивките кои ќе произлезат од процесот на интеграција на овие лица во секој аспект на политичкиот, социјалниот, економскиот и културниот живот во нивната заедница.

# Делчево се прости од Пијанечкиот Цепенков: Узунски замина во легендите

Актуелности



Илјадници народни умотворби од Пијанечко, изворни факти за опстојувањето на уникатното оро „Копачка“ кое под негово раководство се запиша во УНЕСКО, како заштитено нематеријално светско културно наследство, над 400 емисии од Фолклорното богатство од Пијанец за локалното Радио Делчево и десетици аудио и видеозаписи за МТВ, остави зад себе Пијанечкиот Цепенков, делчевскиот фолклорист Димитар Узунски.

Делчево синоќа го загуби Узунски. Неговиот животен пат заврши на 23.11.2021г, но неговото дело останува запишано во аналите на фолклористиката и во делчевската традиција.

Узунски беше делчевската гордост и непресушен извор за пијанечкиот фолклор и традиција и неуморен работник кој сакаше да го остави како аманет своето дело на помладите генерации, да го овековечи животот и традицијата, да ја сочува од заборав онаа нишка која длабоко нѐ врзува за корените и нѐ определува како горди наследници на богатата фолклорна традиција.

За неговото дело и наследство може да се пишува многу, да се набројува фактографски сето она што го остави во наследство, но неговата оставштина не може да се измери и да се опише, бидејќи нема зборови со кои ќе се долови неговата заслуга, неговото значење за Делчево, за делчевци, за македонскиот фолклор и традиција. Димитар Узунски беше и ќе остане синоним на делчевкиот фолклор и традиција.

Над 50 години ја раководеше ФГ КОПАЧКА с. Драмче и со неа има бројни настапи во земјата и странство како пејач, организатор, инструменталист и играорец. Кога го предавал архивскиот материјал за национална и светска заштита на орото „Копачка“во Министерството за култура, рекол: „Ви го давам срцето“.

Беше и надворешен соработник на Институтот за фолклор на Р. Македонија и до длабока старост се занимаваше со собирачка активност.

За МТВ има учествувано во повеќе емисии, а за Радио Скопје снимил 40 изворни пијанечки народни песни. За програмата на РТДелчево, за 12 години има подготвено над 400 емисии, за серијата емисии „Од фолкорното богатство на нашето поднебје“.

Објавил три монографии: „Разловци“; „Дедо Митко- ороводецот на Копачката“ и „Копачката, чекор по чекор до УНЕСКО- мојот живот со Копачката“.

Се стекнал со повеќе признанија и награди: „Особено истакнат педагошки работник“-1980; Гран при од ФИИП „Пеце Атанасовски“ 2011; Плакета за животно дело од Општина Делчево, по повод „100-год град Делчево“; Државна награда за народен уметник, 23-Октомври во 2014 год; „Најдобар културен работник на Источна Македонија“.

Општина Делчево и градоначалникот Горан Трајковски, изразуваат длабоко и искрено сочувство на семејството Узунски за загубата на нивниот родител. Узунски на Делчево и делчевци му го остави своето срце и непроценливо богатство од фолклор и традиција. Со смртта на Узунски, Делчево изгуби дел од својата душа, но Делчево нема да го заборави, бидејќи легендите никогаш не умираат, тие живеат во своите дела. Неговото богато творештво, фотографии, изворни податоци и материјални докази за неговиот живот и дело ќе се чува и во спомен-собата која се подготвува во с. Тработивиште под покровителство на Министерство за клутура и Општина Делчево.

Почивај во мир учителе!

Култура

# Делчевската библиотека ги награди мажите -читатели





По повод месецот ноември кој е единствениот месец во годината посветен на мажите во насока на менталното и физичкото здравје на посилниот пол, ЈЛБ „Илинден“ со подароци ги изненади најредовните машки читатели на градската библиотека.
ЈЛБ„Илинден“ награди топ 5 мажи-читатели во ЈЛБ„Илинден“ и тоа: Кирчо Јовановски, Горан Стоименовски, Петар Златковски, Зоран Николовски и Сашо Пановски.
Директорката на ЈЛБ „Илинден“, Билјана Петровска, им честита на наградите и порача дека оваа активност која за прв пат ја реализира библиотеката и дека активноста ќе влезе во редовниот календар на активности на библиотеката.
Имајќи го предвид фактот дека во делчевската библиотека од вкупно 700 членови, само 161 се мажи, ја реализираме оваа активност со цел мотивација на припадниците од машкиот пол да бидат поредовни членови на библиотеката и повеќе да уживаат во добрата книга. Книгата не познава пол, а ако еднаш ја почувствуваш магијата на читањето, секогаш ќе читаш. Но, нека е поттик и за жените читателки, за тие да не дозволат мажите да мислат дека се посилен пол и во читањето, рече Петровска.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk



**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Соработник: Благица Петровска**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Даниела Такева**


**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**